На крајот на ноември завршува осумгодишната поддршка што проектот ТАКСО им ја даваше на граѓанските организации. Таа поддршка им овозможи на организациите да ги надминат предизвиците со кои се соочуваа, да зајакнат и да станат повлијателни во општеството.

Од ноември 2014 година до ноември 2017 година Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) беше ресурсен центар на Националната канцеларија на ТАКСО во Македонија. Во текот на изминативе три години, во проектните активности беше вклучен и персоналот на МЦМС. Поточно, 15 вработени беа ангажирани како експерти, обучувачи, организациска и логистичка поддршка. Внатрешната експертиза на МЦМС за одредени прашања исто така беше многу важна за активностите – добар дел од работите беа направени инхаус наместо да се ангажираат надворешни експерти.

Резултатите на ТАКСО зборуваа сами за себе. Во изминативе осум години поддржани беа вкупно 1034 организации, кои се активни во повеќе од 17 различни области, што ја акцентира разновидноста на понудата на услуги на ТАКСО. Меѓу корисниците на услугите на ТАКСО најбројни биле оние кои работат во областа на демократијата и човековите права (135), а по нив организациите чија главна преокупација се децата, младите и студентите (98) како и животната средина (96).

Тимот на ТАКСО

Тројца вработени го сочинуваа проектниот тим во Македонија од почетокот на проектот, и тоа Сунчица Саздовска – советник на проектот, Валентина Атанасовска – административен и финансиски соработник и Мирјана Пехчевска Поп-Илиев – проектен соработник (до август 2014).

Од ноември 2014 во тимот се приклучија вработените на Македонскиот центар за меѓународна соработка кој беше избран за Национален ресурсен центар на проектот. Во проектните активности во тек на три години беа вклучени 15 вработени на МЦМС во различни улоги (експерти, обучувачи, организациска и логистичка поддршка). Покрај тоа, согласно потребите, повремено беа ангажирани и надворешни експерти и соработници.

Целиот проектот ТАКСО имаше повеќе од 30 вработени во регионот со национални проектни тимови во секоја земја и регионална канцеларија во Сараево.

Сунчица Саздовска

Мирјана Пехчевска Поп-Илиев

Валентина Атанасовска

Александар Кржаловски



Емина Нурединоска

Јасмина Чаушоска

Гонце Јаковлеска

Валентина Чичева

TACSO

Техничка поддршка за граѓанските организации
Македонска канцеларија

www.tacso.org info.mk@tacso.org /TACSO2 @tacso1 /tascotube

Проектот е финансиран од Европската Унија